**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5660 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Примерок за анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа во периодот од 1 до 10 ноември 2016 година, се десет изданија на Вестите од 17:30 часот.

Вкупната должина на примерокот е 4 часа 17 минути и 30 секунди, од кои 3 часа 41 минута и 25 секунди се реализирани како извештаи (вклучувајќи и неколку коментаторски и еден репортажен извештај), вести, изјави, односно како прилози во некој од информативните жанрови (Табела 1). Аналитичкиот жанр коментар, и неговиот подвид осврт се застапени со 36 минути и 5 секунди. Телевизијата и овој извештаен период има прилози за актуелности од внатрешноста на земјата (Пелагонија, Битола, Охрид, Тетово).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:33:53 | 15,30 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:22 | 0,62 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:24:44 | 11,17 % |
| СДСМ | 00:22:05 | 9,97 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:17 | 10,97 % |
| Граѓански сектор | 00:17:40 | 7,98 % |
| Без субјекти | 00:11:32 | 5,21 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:05 | 9,97 % |
| Други субјекти | 00:38:06 | 17,21 % |
| Локална самоуправа | 00:02:43 | 1,23 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:23 | 1,53 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:29 | 0,67 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:30 | 1,58 % |
| Судство | 00:02:10 | 0,98 % |
| ДИК и други органи | 00:01:49 | 0,82 % |
| АРМ | 00:00:41 | 0,31 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:20 | 0,60 % |
| Демократски сојуз | 00:00:39 | 0,29 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:38 | 0,74 % |
| МОРО - Работничка партија | 00:01:07 | 0,50 % |
| Претседател на РМ | 00:02:25 | 1,09 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:56 | 0,42 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:01:08 | 0,51 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:43 | 0,32 % |
| | **Вкупно: 03:41:25** | **100 %** |

И овојпат, најголем дел од прилозите се организирани околу активностите на субјекти кои се методолошки категоризирани како *„други субјекти"*, какви што се: Агенција за супервизија на осигурувањето, албанската дијаспора, Македонска берза, Југохром, Компанијата Леар, Сојуз на стопански комори, НБРМ, Стопанска комора, ТВ Нова, ТВ Сител, ФЕИТ, Курир, активистот за заштита на животните Златко Костов, Сеизмолошки институт при ПМФ, четирите странски фирми кои инвестираат во Македонија, ПСМ Бизнис инкубатор, Стопанска комора, Битолски универзитет, Универзитет „Аристотел" од Солун, Дневник, Локо транс, Битолски универзитет, итн.

Следува известувањето за Владата, со информации од редовните активности, но и со прилози со позитивна рамка за нејзините политики и резултати, како на пример: на 2 ноември „Куќата на Личкови во штипско Ново Село, една од најстарите куќи, доби сосема нов лик" (1 минута и 31 секунда); на 3 ноември „Нова странска инвестиција – американски „Леар" почна со работа во тетовската зона" (2 минути и 2 секунди);

на 4 ноември „Градежни активности во основното училиште „Димитар Поп Георгиев - Беровски“ (1 минута и 15 секунди); 5 ноември „Обнова на културно историски објекти“ (1 минута и 34 секунди); на 10 ноември „Објавен повик за проект за изградба на нов објект на гимназијата „Кочо Рацин“ (59 секунди). Исто така, има прилози во кои како субјекти се појавуваат претставници на органи на државната управа, а во кои има позитивна рамка за политики, проекти и активности на власта.

Субјектите од методолошката категорија *„органи на државната управа/јавни претпријатија“* се трети по застапеноста, непосредно пред *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“*.

На петтото место се СДСМ и ВМРО ДПМНЕ со математички прецизна поделба на времето. Всушност, ова се двете партии за кои предоминантно се информира во вестите, и тоа како преку прилози со неутрален тон и рамка, така и преку прилози со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и негативен тон и рамка за СДСМ (опишано подолу во извештајов). Со мала временска застапеност се присутни и уште неколку други политички партии/субјекти: Коалиција ВМРО за Македонија, ДОМ, ПЦЕР, МОРО – Работничка партија, ДУИ, Обединети демократски сили на Ромите и Демократски сојуз.

Уште две категории имаат временско присуство поголемо од 10 минути – граѓанскиот сектор и категоријата *„без субјекти“*.

Три категории имаат позначајно време за директно обраќање – Владата, СДСМ и *„другите субјекти“*, (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:11:53 | 14,71 % |
| СДСМ | 00:12:50 | 15,88 % |
| Граѓански сектор | 00:08:05 | 10,00 % |
| АРМ | 00:00:26 | 0,54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:37 | 6,95 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:08:22 | 10,35 % |
| Влада на РМ | 00:15:53 | 19,66 % |
| Локална самоуправа | 00:00:55 | 1,13 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:03 | 2,54 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:02 | 9,94 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:48 | 2,23 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:01 | 1,26 % |
| ДИК и други органи | 00:00:32 | 0,66 % |
| Демократски сојуз | 00:00:25 | 0,52 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:23 | 0,47 % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:45 | 0,93 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:24 | 0,50 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:34 | 0,70 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:20 | 0,41 % |
| Претседател на РМ | 00:00:30 | 0,62 % |
|  | **Вкупно = 01:20:48** | **100 %** |

Коментари, осврти и коментаторски извештаи, ова се жанровите во кои ТВ Алфа го изнесува својот став.

На 1 ноември има осврт за состојбата на јавниот долг „Неновски: Износот на јавниот долг не е ризичен" (2 минути и 32 секунди) во кој се пренесуваат ставот на Министерството за финансии, на професорот на Универзитетот на „Американ колеџ" Томе Неновски (долгот е резултат на еврообврзницата, надминатата е само психолошката граница) и ставот на Еуростат.

Истиот ден, во коментаторскиот извештај „Пуч": Јанева и одбраната на иста страна во оркестриран „напад" кон судот" (2 минути и 53 секунди), при известувањето за одложувањето на рочиштето за случајот „Пуч" се вели дека имало „доза на театралност" кај обвинителката Јанева, а од Обвинителството и одбраната имало „оркестриран напад кон судот".

Истиот ден се емитува освртот „Ахмети и Заев во сè поголема трка за албанските гласачи" (2 минути и 51 секунда) со негативна рамка за СДСМ и за ДУИ. Во прилогот се сопоставуваат ставовите на Али Ахмети, претседателот на ДУИ (СДСМ нема право да ги бара гласовите на Албанците, ќе дојде време кога Албанците ќе се борат против неправда направена на Македонците, денот кога Македонците ќе бидат малцинство), и на Зоран Заев, претседателот на СДСМ (Ахмети и власта нека тераат своја агенда, листите ќе бидат истакнати на Конгресот на 6 ноември, изјавата на Ахмети нема да ја коментира). Потоа се вели дека „заклетвите кои Ахмети ги промовираше, Заев веќе ги понуди на Албанците. Националните интереси биле тема на разговор и на средбите на Заев со претставници на албанската дијаспора". Се вели дека „идејата за двојазичност веќе е спроведена и на терен" по што се наведуваат двојазични логоа на штабовите на СДСМ во неколку града, најавите за прес-конференции веќе извесен период се испраќаат и на албански јазик, не е исклучена можноста на кандидатските листи да се најдат имињата на „интелектуалци Албанци - социјалдемократи".

На 2 ноември се емитува осврт "Докторите го поздравија проектот за набавка за над 3.700 нови апарати за болниците" (2 минути и 5 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ, кој се однесува на ветувањата за нова медицинска опрема дадени два дена претходно од претседателот на партијата Никола Груевски. Во прилогот се вели дека сите доктори ја поздравиле најавата, а има позитивна изјава од д-р Аспазија Софијанова, директорка на Клиника за детски болести. Во наредниот прилог, одвоено, се емитува ставот на СДСМ „Шилегов обвинува дека ветувањата за нова опрема се лажни" (1 минута и 47 секунди).

Подолу во вестите, во освртот „Партиски комбинаторики: Наместо со Груевски, Заев е можно да се соочи со Ахмети" (2 минути и 44 секунди) медиумот прави проекција за тоа како би изгледале кандидатските листи на четирите големи партии. Се емитува изјава од Петре Шилегов, портпарол на СДСМ, дека листите ќе се знаат на 6 ноември, а дотогаш секоја информација е шпекулација. Има прекажана изјава од портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ Иво Котевски дека ќе се оди со највлијателниот кадар и искрен однос кон граѓаните и дека треба да се освојат 63 пратеника. За ДУИ се пренесува напис од Дневник според кој на листата за првпат ќе има православни Албанци, со цел да се привлечат нивните гласови, а познати се само листите на ДПА.

Веднаш по овој прилог се емитува коментар со негативна рамка за СДСМ и ДУИ „Анализа: Ветувањата на Заев за освојување на албанските гласови носат опасност" (3 минути и 6 секунди) за тоа дека „најавите на Заев за двојазичност го предизвикаа Ахмети да излезе со порадикални барања кои експертите во државава ги оценија како опасни". Се наведува дека експертската јавност е разбранувана и смета дека трката меѓу СДСМ и ДУИ по албанските гласови се движи од сериозни поткопувања на националните интереси до создавање меѓуетнички несогласувања. Се наведува дека „познавачите сметаат" оти кампањите на опозицијата за придобивање на Албанците и ветувањето нереални проекти нема да го променат јавното мислење. При тоа, се пренесуваат два експертски става. Поранешниот амбасадор Ристо Никовски смета оти трката меѓу партиите е вештачка; го загрижува жестоката реторика; СДСМ заборава дека мнозинството во Македонија се Македонци; следува драматичен и жесток период; стратешките грешки, кои се историски непростливи, ќе бидат казнети од граѓаните. Според универзитетскиот професор Александар Даштевски СДСМ треба да оди со нормална програма; секој ќе гласа според својата етничка припадност. На крајот накусо се потсетува на изјавите на Заев и Ахмети.

Низата завршува со пренесениот/симулиран коментар „'Курир': Заев јавно зборува дека нема да брка, а во партија вели ќе менувале од чистачка до министер" (1 минута и 20 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Се наведува дека медиумите „го обвинија лидерот на СДСМ Зоран Заев дека, додека јавно

говори како нема да брка луѓе од работа, кога не е пред камери, на партиски состаноци меѓу членовите на СДСМ, ги храбри членовите дека кога неговата партија ќе дојде на власт ќе брка од чистачка до министер". Потоа се вели дека „Курир" потсетува на изјавата на Заев од пред неколку години оти „за своите места треба да стравуваат сите кадри примени на работа додека на власт била ВМРО ДПМНЕ", и дека потврда на тезите биле случаите на двајцата министри од СДСМ во Владата. „Само во првиот мандат како технички министер во МВР генералниот секретар на СДСМ Оливер Спасовски смени 450 кадри во МВР", а неодамна "спротивно на Законот и системот за кариера во МВР, размести 17 актуелни старешини" во Алфите кои ги заменил со „36 партиски кадри со двојни решенија". Фросина Ременски „остави без работа 44 лица". Прилогот завршува со тоа дека засега од СДСМ нема став на оваа тема.

На 3 ноември, ТВ Алфа пренесува снимки и дел од коментарот преземен од ТВ Сител „Видео снимка од „ноќната бркотница" низ скопските улици" (1 минута и 19 секунди), со негативен тон и рамка за СДСМ и МВР а се однесува на сообраќајната несреќа во која учествуваше дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов. Станува збор за снимки од безбедносни камери од јавни сообраќајници, јавни објекти, кафани, ресторани проследени со делови од коментарот на ТВ Сител за тоа дека „според видеото автомобилот во кој се наоѓа Диме Спасов бил нападнат од група која му се заканува со пиштол, потоа тропа по вратите и се обидува да ги отвори", и дека станува збор за луѓе со дебели криминални досиеја. Се вели „овој податок фрла нова димензија на случајот од минатата недела за кој проопозициските портали и активисти преку социјалните мрежи објавуваа бројни дезинформации со цел дискредитација на Диме Спасов" на што се надоврзала и изјавата на портпаролот на СДСМ Петре Шилегов „со што овој случај стана дел од црната политичка кампања", а постапката на МВР има пропусти. Се наведува дека „круцијално во целиот случај е што надлежното министерство тенденциозно пропушта да истакне дека Спасов бил следен од осудени криминалци кои позади себе имаат досиеја за тешки престапи". ТВ Алфа потсетува оти сообраќајната несреќа се случила „во петокот вечерта при што Туарегот управуван од заменик- министерот удри во два паркирани автомобили". Ова е трет прилог во сегментот на вестите посветен на оваа тема. Пред коментарот, Алфа најпрвин пренесува сегмент од интервјуто на Спасов дадено за ТВ Нова „ Диме Спасов: Класична политичка местенка" (1 минута и 22 секунди), а потоа има информација од прес-конференцијата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски „Оливер Спасовски: Три прекршочни пријави за Диме Спасов" (1 минута и 8 секунди).

На 4 ноември се емитува коментаторскиот извештај „Експерти критикуваат, ВМРО ДПМНЕ бара оставки за инцидентот со Спасов" (2 минути и 54 секунди), со негативна рамка за МВР, каде се пренесува ставот на аналитичарот Никола Србов (за овој брутален напад врз Диме Спасов, одговорноста треба да ја понесе Оливер Спасовски, заедно со другите структури во МВР кои се под негова контрола, и доколку се спремни вака да конструираат случај за министер во Владата, тогаш „се отвара прашањето за кого сè се спремни што да направат"). Потоа се пренесува барањето на ВМРО ДПМНЕ за одговорност од министерот за внатрешни работи преку изјавата на Драган Данев, дека СДСМ го барала МВР за да прави вакви конструкции. Се пренесува и ставот од МВР, преку портпаролот Тони Ангелов, за измените на првично дадените изјави на дел од учесниците во инцидентот, и информација дека за криминалното досие треба да се праша УБК.

На 5 октомври се емитува „Обновата и реконструкциите на болниците поздравени од докторската фела" (5 минути и 7 секунди) - детален осврт на ветувањето на Никола Груевски за набавка на нова медицинска опрема дадено претходниот ден, со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Во прилогот се емитуваат и позитивните ставови на проф. д-р Звонко Миленковиќ, директор на Клиника за инфективни болести и Василие Најдовски, директор на Клиничка болница Битола, се потсетува на објавениот тендер за новиот клинички центар, и на клиничките центри во Куманово и Штип, и се повторуваат делови од изјавата на Никола Груевски.

Потоа се емитува уште еден осврт на истата тема со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ „Новите проекти во здравството ќе донесат силен напредок во сферата на кардиологијата и превенцијата на болести" (1 минута и 59 секунди) во кој се емитуваат позитивните ставови за ветувањата на проф. д-р Билјана

Теофилова, директорка на Клиниката за кардиохирургија и д-р. Бисерка Ќаева, директорка на Клиниката за пулмологија и алергологија.

Нешто подолу во вестите се пренесува преземен/симулиран коментар „Дневник: Катица Јанева е член на СДСМ од 2004 година" (2 минути и 42 секунди) за тоа дека весникот дошол до членска книшка од СДСМ со генералии исти како на специјалната јавна обвинителка. Во прилогот, кој има негативен тон и рамка за СЈО, се вели „партиска личност во одбрана на вистината и пример за непристрасност, Катица Јанева веќе 12 години е член на Социјалдемократскиот сојуз". Потоа се наведува дека Дневник побарал потврда од СДСМ, но не добил. Се вели дека за дел од политичките аналитичари ова е „врв на лицемерие и потврда дека СЈО не е ништо друго туку партиски суд". Се пренесува изјавата на Александар Пандов дека тоа е „брука и срамота", а СЈО е партиско тело, партиски суд. Во прилогот натаму се наведува „поврзаноста на СЈО со СДСМ може да се види од партиски активности на кои Заев на митинг најавува следни активности на Специјалното обвинителство, сметаат дел од аналитичарите" по што се емитува постара изјава на Зоран Заев дека СЈО е формирано и треба да испорача резултати. Се потсетува и на вработувањата на Боки бургија, на ќерката на Есад Рахиќ, како и дека во јавноста кружат информации оти „Јанева презела уште еден член на СДСМ кој е советник во Општина Крива Паланка". По завршувањето на прилогот, одвоено се емитува демантот од СДСМ дека Јанева ниту била ниту е членка на оваа партија (21 секунда).

Потаму во вестите се емитува уште еден преземен/симулиран коментар „'Курир': „Бракот" меѓу криминалот и полицијата раководена од СДСМ, потврда за криминогеноста на Заев и раководството на партијата" (1 минута и 49 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ и МВР. Во него се вели дека „криминално-полициската местенка на Диме Спасов е потврда дека структури на МВР под раководство на министерот од СДСМ Оливер Спасовски местат актуелни заменици-министри и сето тоа во функција на политичка кампања и за политички цели". Се наведува дека медиумите пишувале оти министерот се криел за да не објасни зошто ја лажел јавноста оти криминалци не го бркале Спасов и зошто нема покренато постапка против Алфите кои впериле пиштол во главата на заменик-министерот. Потоа се вели дека сличен случај на местенка бил и случајот со Крпач и со поранешниот шеф на УБК Мијалков, кој бил следен од лица испратени од СЈО. Се спомнува случајот со Чауш кој фалсификувал пасоши што сакал да ги прикаже како наводен изборен криминал, и дека според медиумите, „вакви местенки како со Спасов, се подготвуваат и за други функционери на ВМРО ДПМНЕ". Се пренесува изјавата на аналитичарот Никола Србов дека „сега се отвара прашањето дали СДСМ преку свои структури во МВР и во подземјето располага со некаква партиска полиција која треба да ги гони и да ги мести сите функционери од ВМРО ДПМНЕ и сите неистомисленици на социјалдемократите". Се наведува и изјавата на Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ. На темава следуваат уште два прилога – изјава од ВМРО ДПМНЕ „Ѓорчев: Спасовски да си поднесе оставка" (1 минута и 1 секунда) со барање за оставка, и контрареакција од СДСМ дека Ѓорчев треба да побара оставка од Диме Спасов и оти ВМРО ДПМНЕ брани насилство бидејќи „и самите се насилници или соучесници" (14 секунди).

На 6 ноември се емитува коментар „СДСМ со стари и компромитирани кадри ќе бара гласови" (2 минути и 5 секунди), со негативен тон и рамка за СДСМ. Со навод дека тоа го пишуваат медиумите, се вели „останатиот дел од членството е разочарано, дел од нив велат дека се изманипулирани, особено оние кои долго време ја поддржуваат партијата и се на секој поголем протест". Потоа прилогот продолжува со тврдење дека носителите на листи, на јавноста и се „добро познати по неколку скандали": Стево Пендаровски бил прв човек на ДИК кој го „легализирал фалсификатот" со кој Бранко Црвенковски станал претседател; Дамјан Манчевски „е добро познат дека заедно со градоначалникот на Куманово извлекувале пари од Општината, преку матни тендери кои завршувале на српски фирми"; Павле Богоевски, „со парите на Сорос стои зад секој уништен објект и инцидент направен од платеничката револуција на СДСМ"; со тоа што Оливер Спасовски се нашол на листа се потврдува „грубо мешање на полицијата и нејзини злоупотреби за партиски цели" и „се става печат на сите хајки и местенки кои ги предводеше Спасовски"; некредибилната Фросина Ременски по чија заслуга доцнеа платите и има „повеќе тужби за злоупотреба на функцијата од бројот на работни денови во Министерството за труд и социјала"; Љупчо Николовски „му е десна рака на Зоран Заев и негов шеф на кабинет"; Зоран Заев ќе биде носител на листа „иако има негативно мислење за него, човек со десетици

криминални афери зад себе“ снимен како бара мито; Радмила Шеќеринска е „жената која е синоним за сите неуспешни политики на СДСМ“. Пред овој коментар, за Конгресот на СДСМ се известува преку извештај во живо „21. Конгрес – СДСМ треба да ги објави пратеничките листи (1 минута) и информација дека Софија Куновска поднела оставка, според македонските портали, поради тоа што Лилјана Поповска е на листите (50 секунди).

На 7 ноември се емитува коментаторски извештај „Превирања во СДСМ – кандидатските листи ги раскараа опозиционерите“ (3 минути и 20 секунди), каде се вели дека на листите не се „звучни имиња од највисокото раководство, наместо со луѓето кои цврсто ги бранеа ставовите на партијата, Заев ќе ги трча изборите со листи на кои се најдоа анонимуси, членови на „Шарената револуција“, но и имиња на интелектуалци, коалициски партнери кои го раскараа членството“. Се наведува дека на листите ги нема Софија Куновска, Горан Сугаревски, Марјанчо Николов, Лидија Димовска, а дека Лилјана Поповска од ДОМ и Ферид Мухиќ се некои од личностите поради кои имало револт. Се потсетува дека Софија Куновска поднела оставка и се емитува нејзината изјава. Се наведува дека социјалните мрежи се преплавени со реакции, по што се пренесува пост од Фејсбук профилот на „опозицискиот колумнист Ивор Мицковски“, кој „жестоко распали по раководството на опозицијата“. Се вели дека жестоки критики имало и за претставниците на „Шарената револуција“, а се покажува и скрин шот од Фејсбук статус на Борјан Јовановски. Се емитува и изјавата на Лилјана Поповска од ДОМ дека се повлекува од листата. Потоа се потсетува дека Заев реагирал кога Гордана Јанкуловска била истовремено и на кандидатска листа и министерка за внатрешни работи, а сега го направил истото со Оливер Спасовски, при што се емитува и постара изјава на Зоран Заев на оваа тема.

Кон крајот на вестите е емитуван освртот „Здравствениот систем пред нов инвестициски циклус“ (2 минути и 9 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ, во кој уште еднаш детално се наведува какви реконструкции, градби и опрема е ветена во здравството од ВМРО ДПМНЕ, при што ветеното се поврзува и со досегашната работа и со актуелните проекти.

На 8 ноември има уште еден осврт со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ, во кој детално се набројува каква нова медицинска опрема е ветено дека ќе биде набавена за болниците во Македонија, насловен "Куманово, Штип, Охрид и Струмица, болниците ширум државата ќе се опремат по европски терк“ (2 минути и 11 секунди).

Подолу во вестите се емитува коментаторскиот извештај, со негативен тон и рамка за СДСМ, означен со телопот „'Дневник': Шеќеринска го имала последниот збор во составувањето на листите“ (3 минути и 15 секунди). Во него се повторува наводот од претходниот ден дека наместо со луѓето кои цврсто ги бранеа ставовите на партијата, Заев ќе ги трча изборите со листи на кои се најдоа анонимуси, членови на „Шарената револуција“, интелектуалци, коалициски партнери - кои го раскараа членството. Се наведува дека, според Дневник, „напуштањето на функцијата на Куновска, изоставувањето на досегашните парламентарци кои остро ги бранеа ставовите на партијата било масло на Шеќеринска“. Се набројува кој сè не се наоѓа на листите, по што се наведува дека Заев смета оти е нормално да има дискусија околу листите и се емитува неговата изјава дека листите се авангарда, на нив има и многу независни кандидати и оти целта била да се отвори дебатата и дека е убаво што во Македонија конечно се дебатира. Се потсетува дека Лилјана Поповска се откажала од тоа да биде на листите, а дека и Поповска и Ферид Мухиќ биле остро нападнати на Фејсбук од поддржувачи на СДСМ. По ова, се цитира Фејсбук статусот на Каролина Ристова Астеруд со критика и има скрин шот од статусот на Мирјана Најчевска. На крајот од прилогот се вели: „Многу од гласните поддржувачи на СДСМ застанаа против листите на Заев. Му порачаа да заборави на поддршката на неутралните гласови“.

На 10 ноември се емитува коментарот „Лидерот на СДСМ, Зоран Заев, јавно се обврза дека ќе го отвори Уставот за да ги исполни барањата на Албанците за двојазичност“ (2 минути и 19 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Во прилогот се емитуваат делови од изјави на лидерот на СДСМ Зоран Заев дадени во емисија на ТВ 21. Во нив тој говори за употреба на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија, дека сега треба да се отворат тие прашања, дека е свесен оти може да изгуби гласови на Македонците, но „ако е грдо лицето на Македонецот, што е важно ќе дојдат и други избори, ќе дојдат и други

политичари", како и дека партијата оди со граѓански концепт и оти, кога ќе дојде време, не се исклучува промена на Уставот. Потоа се вели дека „Заев со ова уште еднаш ги потврди неговите најави за двојазичност на целата територија што наиде на огромен револт кај македонските граѓани, но и кај експертската јавност. Инаку платформата на Заев на овие избори, меѓу другото, се базира и на антимакедонски ставови кои во континуитет, со години, ги спроведува најголемата опозициска партија, на штета на македонскиот народ".

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во Вестите на ТВ Алфа од 17:30 часот, во периодот од 1 до 10 ноември 2016 година, освен преку прилози за редовните активности и прилози со позитивен контекст за политиките и резултатите на Власта (опишано погоре во извештајов), има и неколку прилози во кои власта се поврзува со политички субјект:

***Алфа Вести во 17:30 часот 1.11.2016***

17:47:45 - 17:49:52 „Состојбата на грип е стабилна, сезоната ќе трае до 21 мај догодина" – во рамките на прилог за тоа дека нема грип, се говори за посетата на министерот за здравство Никола Тодоров на Инфективната клиника при што се говори за ветувањето за набавка на нови медицински апарати за клиниката, и за други клиники во Скопје, дадено претходниот ден од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија.

***Алфа Вести во 17:30 часот 6.11.2016***

17:51:07-17:52:11 „Тодоров: Во здравството следните четири години инвестиција од над 200 милиони евра" - Никола Тодоров, од позиција на министер за здравство зборува за ветувањето за набавка на медицинска опрема дадено од лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски со што се поврзува власт и партија.

***Сектор за програмски работи***